Врз основа на член 191 став (8) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) и член 11 став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19, 93/21 и 111/23) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 2 мај 2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ ЗА ПРЕСТАНОК НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ**

1. Со ова решение престанува да важи Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител УП1 бр. 08-66/21 („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.126/21), издадено на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕН-ЏИ увоз-извоз Јовески Митко ДООЕЛ с. Злести-Белчишта, со седиште во с. Злести-Белчишта, за термоелектроцентралата на биогас „ЕЛЕКТОЦЕНТРАЛА НА БИОГАС“.

2. Ова решение се доставува до Друштвото за производство, трговија и услуги ЕН-ЏИ увоз-извоз Јовески Митко ДООЕЛ с. Злести-Белчишта, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“, и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство, трговија и услуги ЕН-ЏИ увоз-извоз Јовески Митко ДООЕЛ с. Злести-Белчишта, е носител на Решение за стекнување на привремен статус на повластен производител УП1 бр. 08-66/21 („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.126/21).

Согласно член 8 алинеја 2 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа (во понатамошниот текст: Правилник), Регулаторната комисија за енергетика го утврди рокот до кој термоелектроцентралата на биогас „ЕЛЕКТОЦЕНТРАЛА НА БИОГАС“ треба да биде пуштена во употреба и истиот се утврди да биде до 23 април 2024 година (три години од денот на правосилност на одобрението за градење на термоелектроцентралата). Одобрението за градење Бр.1-13-03 од 17 март 2021 година, издадено од Општина Дебрца, с.Белчиште со правосилност од 23 април 2021 година. Термоелектроцентралата на биогас „ЕЛЕКТОЦЕНТРАЛА НА БИОГАС“ не е пуштена во употреба во утврдениот рок.

Согласно член 9 став (4) од Правилникот, носителот на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител кој поседува одобрение за градење за електроцентралата или друг документ издаден согласно прописите од областа на градењето за електроцентралата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да го достави писменото известување за започнување на изградба доставено до надлежниот орган од членот 58 од Законот за градење, градежната инспекција и инспекцијата на труд, пред започнувањето на изградбата. Друштвото за производство, трговија и услуги ЕН-ЏИ увоз-

извоз Јовески Митко ДООЕЛ с. Злести-Белчишта, не ја исполни наведената должност, односно до Регулаторната комисија за енергетика не го достави писменото известување за започнување на изградба доставено до надлежниот орган од членот 58 од Законот за градење, градежната инспекција и инспекцијата на труд, пред започнувањето на изградбата.

Согласно член 191 став (8) од Законот за енергетика* и член 11 став (1) од Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика носи решение за престанок на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител и ја брише електроцентралата од регистарот на повластени производители кои користат повластена тарифа, ако:

- носителот на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител не ја започнал изградбата во рокот утврден со прописите од областа на градењето или
- електроцентралата не е пуштена во употреба во роковите утврдени со решението од член 7 на овој Правилник, односно со решението од член 10, став (6) на овој Правилник.“

Согласно член 10 став (2) од Правилникот, носителот на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител, може да достави барање за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител до Регулаторната комисија за енергетика. Согласно став (3) од истиот член, барањето за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител се доставува најдоцна 30 дена пред датумот на престанок на важноста на решението. Друштвото за производство, трговија и услуги ЕН-ЏИ увоз-извоз Јовески Митко ДООЕЛ с. Злести-Белчишта, нема постапено согласно член 10 став (2) од Правилникот.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 08-66/21**
**2 мај 2024 година**
**Скопје**

**Заменик претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Lirim Sulejmani**